## Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето_________________________________________________________________

## Подрачје 3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар

**Ниво при евалуација: многу добро**

| Бр. | Индикаторизаквалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **3.1** | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручна служба како поддршка на наставникот кадар |
| **3.2** | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |


## Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето_________________________________________________________________


### Индикатор 3.1. Обезбедување на потребниот наставен кадар

**Ниво при евалуација: многу добро**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручна служба како поддршка на наставникот кадар |
| Извори на податоци | |

| | |
|---|---|
| • Одделенски дневници<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Развоен план на училиштето<br>• Досиеја на вработените<br>• Електронска евиденција на работното време<br>• Прашалник за наставници<br>• Разговор со директорот и со наставниците и со стручната служба<br>• ЕСАРУ, Е-ДНЕВНИК<br>• Тетратка за дежурства<br>• Увид во интерните акти, полугодишен и годишен извештај,<br>• Увид во годишната програма за работа на училиштето,<br>• Увид во правилникот за систематизација,<br>• Записници од стручни активи,<br>• Увид во досиејата на вработените,<br>• Програма за работа на стручна служба,<br>• Разговор/интервјуа со наставници, стручна служба, директор, секретар<br>• Програма за професионален развој на наставниот кадар,<br>• Програма за работа на менторот и нововработениот<br>• Анкети на училиштето за професионалниот развој на кадарот,<br>• Листа од спроведени интерни обуки,<br>• Анкетни прашалници (наставници, стручна служба) | Според електронската евиденција за работното време, присуството на вработените е на многу добро ниво.<br>-Во училиштето има вкупно 75 вработени: 58 наставен кадар, 10 технички персонал,2 административни службеници, 4 стручни соработници и 1 директор.<br>Според половата структура на вработените 8 се мажи, а 67 се жени.<br>Според степенот на образование на вработените состојбата е: доктори на науки-2 ;магистри-6ВСС-50 ВШС-2 и ССС-12.<br>Според националната структура состојбата е: Македонци-70, Турци -1 иСрби -1 .<br>Наставниот кадар брои 58 наставници: М-5 и Ж-43.<br>Одделенски наставници се 27, а предметни наставници се 31. Бројот на вработените се менува согласно потребите на училиштето. Досиејата за вработените стојат во документацијата кај секретарот и по потреба се дополнуваат и ажурираат.<br>Професионалните досиеја се кај вработените, дел од нив кај педагогот и дел од нив кај психологот.<br>Од податоците за вработените може да се констатира следното: во училиштето најголем дел од вработените се жени од македонска националност со ВСС.<br>Вработените во училиштето се адекватно распоредени на работни места (во согласност созаконските одредби) со што се постигнува и поголема ефективност во целокупната работана училиштето.<br>Наставниците ефективно и ефикасно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.<br>Целиот персонал (машки и женски) е редовно присутен на работа според прописите. Присутноста на наставниците може да се следи преку одржаните часови заведени во дневник, е-дневник, тетратката за дежурства и евиденцијата преку електронски картички.<br>Во училиштето има поставено апарат кој ја евидентира присутноста на вработените (отчукување со картичка за идентификација при влез и излез).<br>-Наставниците организираат отворени часови на кои ги демонстрираат новите форми ,методи, техники и стратегии во наставата пред други наставници и стручната служба. Размената на искуствата се практикува на стручни активи и посета на семинари и обуки. Наставниот кадар перманентно се обучува преку семинари, обуки, стручни усовршувања, дисеминации, посети на други институции и сл. Училиштето има стручна служба составена од педагог, психолог и дефектолог. Овој тим им помагаа на наставниците во организацијата на наставата и перманентно го следи развојниот напредокна на учениците. Стручната служба редовно е присутна на сите соста-<br>ноци на стручните активи, редовно врши посета и увид на часовите, организира интерни обуки и работилници, како и индивидуални средби со наставниот кадар и разменува мислења во контекст со ВОП. Таа е секогаш отворена за |

| | |
|---|---|
| | соработка и комуникација со сите субјекти во училиштето. |

## Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето____________________________________________________________

## Индикатор 3.2. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

**Ниво при евалуација: многу добро**

| **Теми:** | • Професионален развој на наставниците |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Евидентирани посети на часови од директор и стручна служба<br>• Сертификати и дипломи<br>• Прашалник за наставници<br>• Интерни акти<br>• Разговор со стручната служба, наставниците и директорот<br>• Листи од спроведени интерни обуки<br>• Увид во интерните акти, полугодишен и годишен извештај,<br>• Увид во годишната програма за работа на училиштето,<br>• Увид во правилникот за систематизација,<br>• Записници од стручни активи,<br>• Увид во досиејата на вработените,<br>• Програма за работа на стручна служба,<br>• Разговор/интервјуа со наставници, стручна служба, директор, секретар<br>• Програма за професионален развој на наставниот кадар,<br>• Програма за работа на менторот и нововработениот<br>• Анкети на училиштето за професионалниот развој на кадарот,<br>• Листа од спроведени интерни обуки,<br>• Анкетни прашалници (наставници, стручна служба) | Работата на наставниците се оценува преку планирани посети на часови од страна надиректор, педагог, психолог и дефектологот, со што се врши увид во начинот на изведување на наставата како и увид во Годишните програми и наставните планови.<br>Училиштето им овозможува на наставниците учество на семинари,обуки (еднодневни и повеќедневни), организирани од БРО, МОН, невладини организации и локалната самоуправа.<br>Навремено се одредува ментор за наставник припра - вник и му се овозможува помош за успешно завршување на приправничкиот стаж.<br>Менаџерскиот тим и наставниот кадар ја следат програмата за професионален развојутврдена од МОН со присуство на ситесеминари,обуки,советува- ња и сл.организираниод БРО, МОН или поддржани, во склоп на одредени проекти , а организирани од невладиниорганизации. Исто така, менаџерскиот тим, наставниот кадар и останатите вработени,присуствуваат и стручно се обучуваат на сите форми за обука организирани од локалната самоуправа.<br>. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата.<br>**Според резултатите од прашалникот за наставници:**<br>* На наставниците им е овозможено стручно усовршување за 91%, делумно за 9% .<br><br>* 85,3% сметаат дека целите и приоритетите за стручното усовршување се јасни, 13%сметаат дека се делумно јасни и 1,7% дека не се јасни.<br><br>* Нововработените постапно се воведуваат во работата со соодветна поддршка според 88,98%, делумно според 11,2%.<br><br>* 86% задоволни се од можностите за понатамошно усовршување, 14% делумно задоволни. |

## Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето_______________________________________________________

## Подрачје 3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар

**Ниво при евалуација: многу добро**

**Резултати**

| |
|---|
| Клучни јаки страни<br>– ООУ е лоцирано во развиена урбана локална заедница со која има одлична соработка.<br>– Опфаќа ученици од поголема територија, согласно ЗОО и секогаш има доволен број.<br>– Наставниот кадар е релативно млад и во најголем процент со ВСС.<br>– Училиштето има изградено традиција и препознатлива организациска култура.<br>– Училиштето е вклучено во повеќе проекти, некои од нив се реализираат во континуитет.<br>– Редовна дисиминација на интерни и екстерни проекти.<br>– Материјалите за потребите на наставата се обезбедуваат на време. |
| Слабости<br>– Потреба од обука на вработените за работа на компјутер. |

**Анализа на резултатите:**
Наставниците, менаџментот и стручните соработници, како и администрацијата, посетиле одреден број на семинари и обуки каде се здобиле со
соодветно практично знаење кое го користат и употребуваат во наставата и секојдневните свои работни обврски.
Фондот на книги сосема ги задоволува потребите на наставниците, стручните соработници и учениците.

**Идни едукативни активности**
• Тимот на професионален развој иницира , следи , набавува стручна литература за наставниот кадар и за учениците.
• Активно учество на разновидни семинари , обуки , проекти за унапредување на наставниот процес .